# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **02.02.2018 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 1 – 2018 год.**

Февруари 2018

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 јануари 2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**за IV квартал за 2017 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за четврт квартал за 2017 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 118/3** — **Совет на општина Македонски Брод**

**31.01.2018 година** — **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** — **Драган Цветаноски с.р**

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ“ бр.113/07,22/08,159/08,133/09,145/2010,35/2011,11/2012,59/2012,166/2012,170/2013,153/2015 и 199/2015), Советот на Општина Македонски Брод на својата петта седница одржана на 31.01.2018 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

за утврдување денарски благајнички максимум за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдува денарскиот благајнички максимум за 2018 година во износ од 20.000,00 денари.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

**Бр.18-118/4**
**31.01.2018 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување денарски благајнички максимум за 2018 година**

Се објавува Одлуката за утврдување денарски благајнички максимум за 2018 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 31.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
За утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници
во општина Македонски Брод за 2018 година

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2018 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Македонски Брод“,а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2018 година.

**Бр.18-118/ 5**
**31.01.2018 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.,2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници во општина Македонски Брод за 2018 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници во општина Македонски Брод за 2018 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.01.2018 год. ја донесе следната:

# П р о г р а м а

## За дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2018 година

1.Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2018 година, бр.18-797/11 од 30.11.2017 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод и тоа во точка:

**А. ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

- **Изработка на проектна документација**

-По точка 2 се додавва точка 3 која гласи:

3.Изработка на Анекс на Основниот проект за водоснабдување на викен населба „Близанско“ општина Македонски Брод.

2.Останатите одредби од Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2018 година, бр.18-797/11 од 30.11.2017 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод остануваат непроменети.

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 –118/6**
**31.01.2018 год.**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програма за дополнување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2018 година**

Се објавува Програма з**а дополнување на Програмата за изградба,реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2018 година**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 пречистен текст,) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.01.2018 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за прифаќање на иницијативата за изработка на урбанистичко планска документација Б-5 хотелски комплекс со компатибилни класи на намена

### Член 1

**С**огласно оваа одлука Советот на општина Македонски Брод, ја прифаќа иницијативата на изработка на Урбанистуичко планска документација (УПД) со намена Б-5 хотелски комплекс со компатибилни класи на намена во рамките на предложениот опфат во Нацрт-урбанистички план за село Ижиште (УП), КО Ижиште, кој е во фаза на изработка од страна на „БИЛД“ ДОО Скопје, а по барање на Беким Белулоски од с.Пласница.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод”.

**Бр.18 –118/7**
**31.01.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за прифаќање на иницијативата за изработка на урбанистичко планска документација Б-5 хотелски комплекс со компатибилни класи на намена**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата за изработка на урбанистичко планска документација Б-5 хотелски комплекс со компатибилни класи на намена, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 132 став 1, 2 и 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/03 ), член 15 став 1 точка 13 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.05/03), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 31.01.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За подготовка на Програма за енергетска ефикасност**
**за периодот од 2019 - 2021 година**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука ќе се подготви Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2019 - 2021 година.

**Член 2**

Програмата за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2019 - 2021 година ќе ја подготви работен тим за енергетска ефикасност, формиран од страна на градоначалникот на Општина Македонски Брод.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 – 118/8**
**31.01. 2018 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.,2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за подготовка на Програма за енергетска ефикасност за периодот од 2019 - 2021 година**

Се објавува Одлука за подготовка на Програма за енергетска ефикасност за периодот од 2019 - 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 132 став 1,2 и 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/03 ), член 15 став 1 точка 13 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.05/03), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 31.01.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МЕНАЏЕР И ФОРМИРАЊЕ НА ТИМ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2019 ДО 2021 ГОДИНА**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука за Општински енергетски менаџер за Општина Македонски Брод се именува лицето Златко Лазески – Советник, овластен инспектор по патен сообраќај.

**Член 2**

Во тимот за енергетска ефикасност за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2019 до 2021 година се именуваат:

1. Златко Лазески - Одговорно лице (општински енергетски менаџер)
2. Зоран Новески – Раководител на Сектор за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животната средина;
3. Југослав Волчески – Раководител на Одделение за правни, општи работи и јавни дејности;
4. Милена Костеска – Раководител на Одделение за локален економски развој;
5. Ирена Мишкоска – Раководител на Одделение за заштита на животната средина;
6. Милка Стаменкоска – Советник за комунални работи;
7. Вања Димоска – Помлад соработник за заштита и спасување и управување со кризи;
8. Тони Маџоски – Советник за оценување и стручно усовршување и
9. Рате Савев – Претседател на еколошкото друштво „Треска“ Македонски Брод.

**Член 3**

Општинскиот енергетски менаџер ќе се грижи за целокупниот процес на креирање и спроведување на Програмата за енергетска ефикасност на ниво на општината и ќе го води тимот за енергетска ефикасност.

**Член 4**

За спроведувањето на  активностите од изготвувањето на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2019 до 2021 година, општинскиот енергетски менаџер ќе доставува извештај до Градоначалникот на општина Македонски Брод.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 – 118/9**
**31.01.2018 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за именување на општински енергетски менаџер и формирање на тим за ЕЕ за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за период од 2019 до 2021 година**

Се објавува Одлука за именување на општински енергетски менаџер и формирање на тим за ЕЕ за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за период од 2019 до 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03), по доставено барање Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 јануари 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Програма за работа и развој за Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2018 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2018 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-118/10
31.01.2018 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Драган Цветаноски с.р.

Врз основа на член 86 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ бр.40/06,136/08,44/11,51/11,142/12,31/13,34/13,14/14,30/14,196/15,35/16,97/16,136/16,142/16,67/17 и 125/17),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/2003,1/06,1/11,11/14,1/15) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.01. 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**За надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник**

### Член 1

Организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Совет и Градоначалник имаат право на надомест на трошоци за избори во висина од 15 денари по добиен глас.

### Член 2

Согласно добиените гласови за избор на членови на Совет на општина Македонски Брод и градоначалник, средствата се распоредуваат на следните организатори на изборната кампања:

**За избор на членови на Совет на општина Македонски Брод**

| | | |
|---|---|---|
| -Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 462 гласови | 6.930 денари |
| -Коалиција СДСМ | 970 гласови | 14.550 денари |
| -Група избирачи Александар Максимоски | 287 гласови | 4.305 денари |
| -Група избирачи Ивица Димоски | 255 гласови | 3.825 денари |
| -Група избирачи Бране Јованоски | 442 гласови | 6.630 денари |
| -Група избирачи Ивица Аврамоски | 229 гласови | 3.435 денари |
| -Група избирачи Игор Јанкулоски | 251 гласови | 3.765 денари |

**За градоначалник**

| | | |
|---|---|---|
| -Коалиција СДСМ | 2.679 гласови | 40.185 денари |

### Член 3

Организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на Совет односно кандидат за Градоначалник, имаат право на надомест

за изборни трошоци во висина од 15 денари по добиен глас,кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на општина.

**За членови на совет на општина Македонски Брод**

| | | |
|---|---|---|
| -Народно движење на Македонија НДМ | 115 гласови | 1.725 денари |
| -Група избирачи Синиша Смилески | 130 гласови | 1.950 денари |
| -Група избирачи Стојанчо Трпески | 163 гласови | 2.445 денари |
| -Група избирачи Михаел Николоски | 115 гласови | 1.725 денари |
| -Група избирачи Хранислав Јаќимоски | 209 гласови | 3.135 денари |
| -Група избирачи Драгиша Танушевски | 179 гласови | 2.685 денари |
| -Група избирачи Борис Милески | 153 гласови | 2.295 денари |
| -Група избирачи Буде Мојсоски | 100 гласови | 1.500 денари |

**За градоначалник**

| | | |
|---|---|---|
| -Коалиција ВМРО ДПМНЕ | 1.197 гласови | 17.955 денари |
| -Група избирачи Жарко Златески | 704 гласови | 10.560 денари |

**Член 4**

Исплатата на надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на општина Македонски Брод со посебно решение.

**Член 5**

На организаторите на изборна кампања кои во пропишаниот рок не доставиле финансиски извештаи до Државната изборна комисија,Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата,се запира исплатата на надоместокот на трошоците за изборна кампања,согласно Одлуката на Државната изборна комисија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18-118/11**
**31.01.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (,,Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник**

Се објавува Одлука за надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), а во врска со член 60 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15,129/15,192/15 и 39/16) и член 21,став 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 јануари 2018 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за разрешување и именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа Одлука од должноста член на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план на Општина Македонски Брод, се разрешува Милосим Војнески .

**Член 2**

За член на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план се именува Градоначалник Живко Siljаноски – дип.шумарски инженер.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод"

**Број 18- 118/12**
**31.01.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план**

**(ЛЕАП) на Општина Македонски Брод**

Се објавува Одлука за разрешување и именување на членови на Локален управен комитет за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" број 36/04, 106/16) и член 21 став 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14 ,1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седница, одржана на 31.01.2018 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за разрешување и именување член на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди епидемии и други несреќи**

**Член 1**

Со оваа Одлука од должноста член на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод, се разрешува Живко Силјаноски – дип.шумарски инженер.

**Член 2**

За член на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи се именува советникот Игор Јанкулоски.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод"

**Број 18-118/13**

**31.01.2018 год.**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за разрешување и именување член на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди епидемии и други несреќи**

Се објавува Одлука **за разрешување и именување член на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди епидемии и други несреќи**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03,..........04/17-пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.01.2018 година донесе

# О Д Л У К А

**За усвојување на Акциски план за вклучување на јавноста Македонски Брод за период 2018-2022 година**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука со која се усвојува Акцискиот план за вклучување на јавноста во Македонски Брод за спроведување на планирани активности во рамките на неформалната мрежа Југо западен регион - Општина Македонски Брод за период 2018-2022 година.

**Член 2**

Планирате активности се согласно Формуларот кој е составен дел на оваа одлука во кој е опишана и временската рамка за спроведување на активностите кои се однесуваат за тековната 2018 година.

.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18- 118/14**
**31.01.2018 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за усвојување на Акциски план за вклучување на јавноста**

**Македонски Брод за период 2018-2022 година**

Се објавува **Одлуката за усвојување на Акциски план за вклучување на јавноста Македонски Брод за период 2018-2022 година**, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), член 36 став 1 точка 15 и член 64 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/2003, 1/06, 1/11, 11/14,1/15), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За издавање на недвижна ствар на времено користење**

**Член 1**

Согласно оваа одлука се дава на користење на долниот спрат од детската градинка во Самоков за отварање и почеток со работа на Дневен центар за стари и возрасни лица за потребите на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Македонски Брод

**Член 2**

Наведениот простор се издава на користење за време од 5 години и без надоместок за користењето на сите други тековни инвестиции и одржување, како и плаќање на сите давачки (струја, вода и др) паѓаат на терет на корисникот

**Член 3**

Советот на општината го овластува Грдоначалникот на Општина Македонски Брод да склучи договор за издавање на користење на наведениот простор со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Македонски Брод, каде подетално ќе бидат договорени правата и обврските на странките во договорот

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 118/15**
**31.01.2018 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Драган Цветаноски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17–пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за издавање на недвижна ствар на времено користење**

**поранешна детска градинка во Самоков**

Се објавува Одлуката за издавање на недвижна ствар на времено користење поранешна детска градинка во Самоков, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 31.01.2018 година.

**Бр. 08 -118/21**

**02.02.2018 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Живко Силјаноски с.р.**

